Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка
**Проект: „Фасадата држи темелите тонат“**
**Финансиран од НЕД**

**За проектот:**

**Довербата** е она што институцијата ја разликува од сé друго. На пример, **бракот е најсилната институција на светот,** а нема зграда, ниту адреса. За довербата во институциите во јавноста се говори на **потполно неадекватен начин**. Што значи ако еден граѓанин го застанете на улица и го прашате: „Дали им верувате на институциите, или „Дали верувате во апелационите судови“? Молам? А што работат тие?

Сложеноста на феноменот на граѓанската доверба во институциите и испитувањето на истото дава огромни **можности на политиката за манипулација** со јавната доверба и партиите тоа го прават. Проценката на степенот на доверба во институциите, од смртно сериозна работа, партиите ја претворија во лакрдија. Тоа го прават и во невладиниот живот.

**Тоа ја убива дискусијата и проценката** за едно од најважните прашања, ја блокира анализата за тоа како нашите институции работат, дава лажна слика за нашиот пат кон ЕУ, НАТО, квалитет на животот...

Заради тоа е и направен овој проект да проговориме за јавната доверба во институциите, на еден адекватен, научен, социолошки коректен и пред се, корисен начин, кој би бил еден вид граѓанска едукација и притисок врз партиите и посебно врз властите, да отворат јавна и нефингирана дебата за нашите институции, тројната поделба на власта и што таа значи за институциите, системот на компетентност и лојалност и нивниот соодност, квалитетот на услугите на нашите институции. Називот на проектот порачува дека во партиската битка за докажување на некаква доверба во институциите настрадал јавниот морал, односно потонале темелите.

Проектот има поставено амбициозна задача да им помогне на институциите и јавноста да започнат конструктивен разговор за состојбата на институциите и јавната доверба во нив, имајќи го пред себе **јавниот морал** како рамка во која се разговара.

Проектот сака да постави и методологија, со која ќе се анализираат елементите на јавниот морал, а тоа е **Општествено – структуираниот дефект (ОСД),** како рамка на релативизација и рационализација на постапките, кои се дел од арсеналот за девастирање на јавниот морал.

Проектот сака да пласира и идеологија за „**Институциите како трета страна“** во контекст на општествените судири, заради фактот дека државата не може да се развива во ситуација на постојани судири и недоразбирања, односно, во ескалирано - конфликтно општество.

Темелни идеи на проектот, кои треба да станат општи граѓански договори, за кои треба да се говори за да се излезе од секојдневните безобразлуци и манипулации на политичарите:

- **Општествен капитал (ОК)**
- **Општественото планирање како ОК**, наместо „фараонско планирање“
- **Институциите како „трета страна“**или „експертска власт“
- **Институциите како чувари на општествениот морал** или „институции на предвидливоста”
- **Лидери на моралноста, како бранители на постигнатиот ОК**

**Каде и како да започнеме со тоа?**

**За анкетата**

Еден од начините е дијагнозата на ***здравјето на општеството***, која беше мерена низ теренската анкета на АГТИС. Тука не ја меревме само „довербата“, туку и „когнитивната дисонанца“ („јавна збунетост“ – ако така сакате) на испитаниците, која постојано пропагандно се продлабочува, што, од своја страна им дава слобода на политичарите да прават што сакаат. Уште повеќе, анкетата ги мереше „составните делови“ на пропагандата, кои го формираат јавното мислење.

**Анкетата покажува дека јавната каузалност и јавниот морал се значајно повредени, а когнитивната дисонанца кај граѓаните ги следи скоро во секоја**

**изјава, барем во нелогично високата дистрибуција на бесмислени одговори од гледна точка на јавниот морал.**

Анкетата за прв пат кај нас го истражуваше нивото на **општествено структуиран дефект (ОСД)**, кој е традициски механизам за прифаќање на неморалното и општествено девијантното, кое наместо да се осуди и отфрли (санкционира), се прогласува за општествена вредност, општествена практика или „фаза кон подоброто“,

**Организирана или јавна форма на ОСД има само во случај на институционален молк и/или непостапување, како и во случај на потполна дисфункционалност на институциите.**

**Појавна форма** (вербализирана) на ОСД се квази – традициски изреки за релативизација на моралното: криминалот се правда преку народски изреки како ***„се снашол“***, „***така сите прават“, „и ти да беше – така ќе правеше“***, па дури и во Парламентот ќе чуеме: ***„ами во ваше време вие правевте полошо“***, ***„а вие што правевте кога бевте на власт“, „да не беше подобро во ваше време“...*** Ваквите обвинувања би биле јасен сигнал за институциите (обвинителите) да превземат акција, но нереагирањето на институциите **е веќе општествено структуирано како дефект,** па останува само да се збуни јавноста и да се релативизира криминалот во форма на ОСД.

ОСД е по тип **рационализација и/или рационализација на стравот**, а објаснувањата лежат во етнопсихологијата. ОСД е *замена на причинско – последичните врски со ирационални* и води до **руинирање на јавниот морал** (социопатологија).

Идеален вид на ОСД биле **Русалките**, кои биле падавичарки (веројатно заради контаминираноста на блиските извори со вода), а заедницата ги прогласила за пророчици. (при епилептичен напад, тие „комуницираат со оназемското“ и прорекуваат). **Негативното станало идеал.**

ОСД се крепи на феноменот на **фатализам,** што претставува *верување дека е се однапред одредено од некаква виша сила („така му било пишано“),* па не е битно што човек прави. Нашиот (Македонски) фатализам е верски кодиран и е видлив преку „**митот за копилето**“ (познати изреки: *„алал да му е, ги зафркна копилено едно“, „паметно копиле ќе те пренесе жеден преку вода“, „со тоа копиле не фаќај работа – многу е паметен“, „со мене фатил работа, а не знае што копиле сум јас“).* По народната верување, татко на копилето е натприродно суштество. Спрема етноекспликацијата, изразот „јас сум копиле“, значи дека „моето потекло е боженствено“ и/или „мојот к’смет е извонреден“, и не сте достојни да ме осудувате - вие обичните.

Друга мошне специфична форма на фаталистичко верување е вербата дека **ништо не е во наши раце** и дека за напредување е потребна некаква оназемска помош, а „избраниот“ е „копиле“. Преведено во современ јазик, **кој ти помогнал во успехот** е правото прашање. Вистина е дека за скоро сите успешни бизнисмени, јавни личности, политичари... има верувања, кои не се ниту тајна, дека некој – некому помогнал, односно, дека бизнисменот успеал само заради помошта „од некого“. Тоа го релативизира мерит системот (напредување спрема заслуги) и е основа на сеприсутната негативна селекција.

На овој начин не е тешко да сфатиме заради што **„избраните“ не подлежат на закон,** можат да лажат, крадат, злоупотребуваат, **а за тоа да немаат последици, па дури никој не смее ниту да праша за тоа (тоа е „светогрдие“). Народот ги оправдува како „избраници“, и тоа не е свесен процес, туку емотивен.**

**Рационално општество, кое се базира на едноставна каузалност, која мора да води до проценка на моралноста на постапката,** кај нас веќе скоро и да не постои и имаме инструментализирана реалност. ***Митот може да стане политички мит,*** кој кај нас се случува пред наши очи: Премиерот го заменил јунакот од приказната, змејот е заменет со странците.... каузалноста се претвора во „**каузалност по други принципи**“.

Сето тоа е „фатено“ во анкетата, за среќа во проценти од целото, и таа е рамка, во која би можеле да ги пласираме овие сознанија, за да ја обогатиме политичката мисла со социолошка и антрополошка компонента, заради разбирливост на проблемите на демократијата, лидерството и патологијата на секојдневието, која веќе се заканува да го разнебити нашето општество.